ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“
ул. „Андон Шурков“ 4а
1400 Велес
www.kolenedelkovski.edu.mk
e-mail: kolenedelkovski@yahoo.com
facebook.com/rcsookolenedelkovski

# КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ

1. Родителите, односно старателите на учениците се обврзани да ги почитуваат правилата и другите општи акти на училиштето.
2. При посета на училиштето, родителите го почитуваат кодексот за пристојно облекување.
3. Родителите,согласно закон, треба да му овозможат на своето дете да ја исполни обврската за задолжително средно образование
4. Родителот редовно и навреме одговара на поканата од класниот раководител, наставник, стручен соработник или директорот.
5. Родителите треба да соработуваат со класниот раководител и да го информираат за евентуални проблеми (здравствени, социјални, потешкотии во учењето) со цел заеднички да се делува за правилен развој на детето;
6. Родителите навремено го известуваат раководителот на паралелката за изостанувањето и за причините за изостанувањето на своето дете , најдоцна до крајот на работната недела.
7. Родителите континуирано се интересираат и информираат за постигнувањата на своето дете и го следат развојот на своето дете;
8. Родителите треба да соработуваат со предметните наставници и да се информираат за постигнувањата, активностите и однесувањето на ученикот;
9. Родителите навремено ги подмируваатфинансиските обврскиконучилиштето(материјалниобврски);
10. Родителите се активни соработницина училиштето и учествуваат во работата на органите на училиштето во кои се именувани
11. Да се најавуваат на дежурниот ученик на влезната врата при посета на училиштето кој ги упатува до бараниот наставник
12. За време на родителските средби родителите да не користат мобилен телефон.
13. Родителите не вршат притисок и не ги злоупотребуваат пријателските и роднинските врски при процесот на оценување и во целокупниот наставен процес
14. Доколку се во можност родителите го помагаат развојот на училиштето без да очекуваат повластена положба на своето дете поради тоа